Бр./Nr 12-303/7
01-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-тата седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-3470/1 од 20.09.2021 година, оформен по доставена пријава – известување за можни неправилности во постапка за јавна набавка од Бирото за јавни набавки, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - состојбата опишана во дописот проследен од страна на Бирото за јавни набавки е надмината.

Предметот со број 12-3470/1 од 20.09.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Бирото за јавни набавки на ден 20.09.2021 година поднесена е пријава – известување за можни неправилности во постапка за јавна набавка од Бирото за јавни набавки и оформен е предмет број 12-3470/1 од 20.09.2021 година.

Со известувањето доставено до ДКСК, Бирото за јавни набавки (БЈН), повикувајќи се на член 45 став 1 алинеја 12 од Законот за јавните набавки, доставува информации кои до БЈН ги доставил економски оператор.

Видно од информациите од операторот приложени кон доставеното известување, економскиот оператор - правното лице /// во август 2021 година преку овластено лице се обратил до БЈН со барање за мислење во однос на прашања за активности кои се однесуваат на подготовка на договор по завршена постапка за јавна набавка. Во барањето доставено до БЈН се содржани прашања кои се однесуваат на елементите на договорот во корелација со тендерската документација и нејзините измени. Притоа, овластеното лице на економскиот оператор укажува на неконзистентност на договорниот орган при составувањето на договорните одредби во однос на условите кои биле предвидени во тендерската документација.

Заради утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК изврши увид во информациите приложени кон известувањето доставено од БЈН, изврши увид во јавно достапни податоци и информации како и во податоци и информации достапни на ДКСК, и достави барања за прибирање информации до Бирото за јавни набавки и до Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија.

Од извршениот увид во информациите приложени кон известувањето, ДКСК констатираше дека БЈН до економскиот оператор доставило одговор на барањето со содржано мислење во кое соодветно се адресирани сите прашања кои ги поставил економскиот оператор, потенцирајќи дека БЈН мислењето го дава исклучиво врз основа на податоците дадени во прашањето, но дека договорниот орган е одговорен за правилна примена на одредбите од Законот за јавните набавки.

Врз основа на извршениот увид во информациите приложени кон известувањето доставено од БЈН, ДКСК констатираше дека договорниот орган Дирекција за заштита и спасување и избраниот економски оператор во постапка за јавна набавка за вршење на услуги – поправки и сервисирање на авиони и годишни прегледи, имале несогласувања во однос на содржината на договорот, за кој економскиот оператор сметал дека не е во согласност со условите од тендерската документација и прифатената понуда, заради што побарал мислење од Бирото за јавни набавки, кое заедно со укажувања за задолжително почитување на релевантните законски одредби како писмена реакција во неколку наврати ги доставил до Дирекцијата за заштита и спасување. Дополнително, економскиот оператор го известил Бирото за јавни набавки дека договорниот орган Дирекција за заштита и спасување ги игнорира испратените укажувања, при што изразил сомневање за тенденциозност во нејзиниот пристап со цел да се избегне потпишување на легален договор, да се нанесе штета на избраниот оператор и во идна постапка да се склучи договор со друг оператор.

Со оглед на тоа што во известувањето на БЈН доставено до ДКСК не се содржани информации за констатирани неправилности поврзани со конкретниот случај за кои ДКСК е надлежна да постапува, ДКСК се обрати до БЈН и побара БЈН да достави прецизна информација за констатирани неправилности од кои произлегува сомнеж за корупција и/или судир на интереси, како и прецизна информација за други околности поврзани со конкретниот случај за кои БЈН смета дека ДКСК е надлежна да постапува согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

БЈН ја извести ДКСК дека со оглед на тоа што нема надлежност да ја проверува вистинитоста на податоците од дописите со кои економските оператори го известуваат за неправилности во постапките за јавни набавки, не извршило проверка дали преземените дејствија и пропуштањата за преземање на дејствија се од коруптивен карактер, но известувањето го препратило до ДКСК бидејќи ценело дека ДКСК има надлежност и можност да утврди дали неправилностите во конкретната постапка за јавна набавка за кои Бирото е известено се виститинити и дали може да се сметаат за коруптивни дејствија. Воедно, БЈН ја извести ДКСК дека проценило дека за пријавените неправилности требало да биде известен и Државниот завод за ревизија.

Видно од доставениот одговор од Дирекцијата за заштита и спасување и од податоците и информациите достапни на ДКСК, Дирекцијата за заштита и спасување врз основа на Одобрение добиено од Бирото за јавни набавки за спроведување на постапка со преговарање без објавување на јавен оглас а врз основа на Одлука за јавна набавка бр./// од 26.07.2021 година спровела постапка за која со избраниот економски оператор /// бил склучен договор број /// од 21.10.2021 година, кој на датумот на одговорот од Дирекцијата сè уште бил на сила.

По разгледувањето на наводите од претставката проследена од страна на БЈН, како и врз основа на увидот во јавно достапните податоци и информации како и во податоците и информациите достапни на ДКСК, и во одговорите од Бирото за јавни набавки и од Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија доставени на нејзино барање, ДКСК констатира дека состојбата опишана во дописот од економскиот оператор - правното лице /// е надмината – Дирекцијата за заштита и спасување во октомври 2021 година склучила договор со економскиот оператор.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**